Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел дневните настани 13.11.2022

На 12.11.2022 околу 14.30 часот на патот Демир Капија – Неготино, на место викано „Јела" од полициски службеници од Полициска станица Неготино биле лишени од слобода С.Ф.(26) од Скопје, кој управувал патничко моторно возило „бмв" со скопски регистарски ознаки, и А.Ќ.(20) од Гевгелија, кој управувал патничко моторно возило „сеат" со гевгелически регистарски ознаки, затоа што во возилата биле пронајдени шест лица мигранти (пет од Сирија и едно од Пакистан). За настанот е известен Јавен обвинител, а по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на изминатата вечер (12/13.11.2022) во периодот од 22.00 до 04.00 часот на територија на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата констатирани и законски санкционирани се 29 возачи. За време на контролата биле санкционирани и 21 други видови прекршоци.

На 12.11.2022 во 20.20 часот на магистрален пат А2 Охрид-Кичево, во населба Горица, кај бензинска пумпа, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „сеат" со кичевски регистарски ознаки, управувано од Г.Н.(39) од с.Друговo, кичевско, и мопед со охридски регистарски ознаки, управуван од 16 годишен малолетник од Кичево. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетникот, кој бил пренесен во Медицински центар-Кичево за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Кичево.

На 12.11.2022 во 13.30 часот на граничен премин „Долно Блаце" од полициски службеници е лишен од слобода Г.Л.(37) од Р.Албанија затоа што по извршена пасошка контрола било констатирано дека евидира во службените евиденции со мерка „Апси" по барање на Интерпол од Атина, Грција. Лицето е предадено на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 12.11.2022 во 11.50 часот во Полициска станица Кисела Вода Љ.Ѓ.(67) од Скопје пријавил дека на ул. Христо Татарчев во близина на бензинска пумпа бил каснат од куче скитник.

На 12.11.2022 во 17.50 часот во Полициска станица Ѓорче Петров М.Х.(23) од Скопје пријавила дека на ул. 51 во населба Стопански двор, Скопје била касната од куче скитник.

На 12.11.2022 во 16.40 часот на подрачје на Ѓорче Петров од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишен од слобода е Ф.С.(28) од с.Желино, тетовско затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.11.2022 околу 17,30 часот на локален пат с.Љуботен-Радишани во Скопје патничко моторно возило „фолксваген поло" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.К.(27) од с.Љуботен, скопско удрило во С.М.(66) од с.Љуботен. По несреќата, С.М. бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" каде од лекар му биле констатирани тешки телесни повреди. За настанот е известен Јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (12.11.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.На територија на град Скопје изречени се вкупно 180 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволеното 45 санкции, 11 мерки за возење без возачка дозвола, 25 санкции за управување под дејство на алкохол.
Изречени се седум мерки за користење мобилен телефон при возење, шест санкции за возач почетник, четири мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), две санкции за некористење сигурносен појас...

На 13.11.2022 околу 04,00 часот е пријавено дека на крстосница од бул. „Партизански одреди" и бул. „Св.Климент Охридски" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Б. (25) од с. Црн Врв, скопско и патничко моторно возило „пежо" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.Т.(39) од Скопје. По несреќата, возачот А.Б. бил пренесен во Градската општа болница „8-ми Септември" каде од лекар му биле констатирани телесни повреди, а возачот Б.Т. и неговиот сопатник Т.В.(53) од Скопје биле пренесени во Комплекс клиники „Мајка Тереза" каде од лекар на Б.Т. му биле констатирани телесни повреди, а на сопатникот Т.В. му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 12.11.2022 во 15.00 часот во с.Јеловјане, тетовско од полициски службеници од СВР Тетово лишен од слобода е А.А.(25) од с.Јеловјане затоа што по извршениот претрес по издадена судска наредба во неговиот дом е пронајдена марихуана, пушка „Фабарам" модел Лион Х368 кал. 12 ГАХ3 и 32 патрони кал. 12 м.м и др. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.11.2022 во 13.10 часот било пријавено дека на крстосница од бул.Илинденска со ул.166 и регионален пат за с.Брвеница во Тетово се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „мерцедес" со тетовски регистарски ознаки, управувано од К.А.(21) од с.Мала Речица, тетовско и патничко моторно возило „бмв" со тетовски регистарски ознаки, управувано од М.А.(40). По несреќата, сопатничката во возилото „бмв" А.А. (64) е пренесена во Клиничка болница-Тетово каде од лекар и биле констатирани тешки телесни повреди. За настанот е известен Јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Тетово.

На 12.11.2022 полициски службеници од СВР Битола- Полициска станица од општа надлежност Прилеп на ул. "Марксова" во Прилеп го лишиле од слобода Е.В.(42) од Прилеп поради сомнение за сторено кривично дело кражба.Од Е.В. е одземен мопед "томос", кој бил пријавен за украден на 02.11.2022. Мопедот е вратен на сопственикот, а против Е.В. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.11.2022 во 11.40 часот на магистрален пат А2 во близина на с.Ново Село, гостиварско, патничко моторно возило „рено меган" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ф.М.(56) од Скопје, во кое сопатничка била Р.В.(79) од Дебар излетало надвор од коловозот. По несреќата двете се пренесени во Медицински центар Гостивар каде од лекар кај сопатничката Р.В. се констатирани тешки телесни повреди. За настанот е известен Јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Тетово.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет